**Original Research Paper**

**UDK: 316.362.3:316.454.54-021.4**

# UNDERSTANDING THE KEY FACTORS THAT IMPACT THE QUALITY OF PARTNERSHIP RELATIONS

**Makedonka Radulovic**
Associate Professor, Faculty of Philosophy, Department of Family Studies
radulovic@fzf.ukim.edu.mk

**Kamelija Krstic**
Graduated student of Family studies, Faculty of Philosophy, Department of Family studies
kamelija_krstic@live.com

**Abstract**

The objective of this paper is to comprehensively examine partnership relations and analyze the key factors that affect their quality. The study will focus on identifying individual factors that significantly contribute to the quality of interpersonal relationships among romantic partners. Additionally, the paper will provide a clear definition of partnership relationships, outlining their fundamental characteristics and features. By highlighting the critical factors influencing partnership relations, this study aims to enhance our understanding of the dynamics that drivehealthy and sustainable romantic relationships.

We will be presenting the findings from a survey "Quality of Partnership Relations," which was conducted with 72 respondents aged from 17 to 73. This survey aimed to gather insights into participants' individual experiences, opinions, and understandings regarding the quality of partnership relations. The results of this research will complement the theoretical elaboration presented.We will compare the results obtained from this survey with data extracted from professional literature and other research, for each individual factor. Our objective is to identify similarities and differences between the findings from the literature and the real-life experiences of the survey respondents. By doing so, we hope to gain deeper insights into the factors that impact the quality of partnership relations.

The underlying hypothesis posits that the quality of a partner relationship is significantly influenced by interpersonal factors. In other words, the way individuals interact and communicate with each other is paramount in determining the success and satisfaction of their relationship.

***Keywords***: Interpersonal factors, Quality, Partner relationship, Romantic partners, Communication

# ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПАРТНЕРСКИТЕ ОДНОСИ

**Македонка Радуловиќ**

Вонреден професор, Филозофски факултет, Институт за семејни студии

radulovic@fzf.ukim.edu.mk

**Камелија Крстиќ**

дипломиран студент на семејни студии, Филозофски Факултет, Институт за семејни студии

kamelija_krsitc@live.com

**Апстракт**

Целта на овој труд е да се разгледаат партнерските односи од повеќе аспекти и да се анализираат највлијателните фактори врз квалитетот на меѓуперсоналните врски помеѓу романтичните партнери. Она на што ќе биде ставен акцент е дефинирање на поединечните фактори кои имаат значење и придонес за квалитетот на партнерски односи, како и самото дефинирање на тоа што претставува партнерска врска, кои се дефинициите, основните карактеристики и обележја на истата.

Исто така, ќе бидат вклучени резултати од анкетата „Квалитет на партнерски односи", спроведена на 72 испитаници на возраст од 17 до 73 години кои даваат одговори за индивидуалните искуства, мислења и разбирања за квалитетот на партнерски односи. Резултатите од истражувањето ќе бидат прикажани како надополнување на теоретската разработка. За секој поединечен фактор ќе биде направена споредба помеѓу резултати добиени од оваа анкета и податоци извадени од стручна литература и други истражувања. Целта на тие компарации помеѓу податоци и информации ќе биде да се изнајдат сличности и разлики помеѓу она што е во литературата и во реалниот живот. Да се согледаат и прикажат најчестите предизвици на паровите во однос на тоа кои фактори им претставуваат најголеми тешкотии за постигнување на успешност и квалитет во нивниот партнерски однос.

Генералната хипотезата е тврдењето дека „Интерперсоналните фактори се клучни за квалитетот на еден партнерски однос". Со други зборови, начинот на кој партнерите се однесуваат и комуницираат го одредува успехот на нивната врска.

***Клучни зборови***: Интерперсонални фактори, квалитет, партнерски односи, романтични партнери, комуникација.

## Вовед

Животот на човекот и начинот на неговото функционирање е интересен феномен за истражување. Многу автори се обидувале да дојдат до вистинските зборови кои ќе успеат на соодветен начин да ја покажат суштината на човековиот живот. Човекот е социјално битие, предодредено да се развива, формира и егзистира во човечка заедница.[81] Како едно социјално битие, човекот уште од почетокот на својот живот е меѓу луѓе. Од првиот момент формира врски со луѓето околу себе. Она што е интересно е потребата на човекот да биде со друг човек поврзан и притоа да почувствува сигурност и топлина. На едно новороденче, уште од самото раѓање потребна му е љубов, заштита, топлина... Секако тука се и физиолошките потреби за храна, вода, спиење, но фокусот ќе го ставиме на емотивните потреби. Тука е мајката, или пак таткото, евентуално старателот, со еден збор кажано – „атачмент" фигурата, која е присутна за новороденчето и ги задоволува неговите потреби, му дава чувство на припадност. Истите потреби човек ги чувствува и кога е возрасен, а посебно изразени се доколку родителот на време не ги задоволил истите на соодветен начин. Она што е интересно е како честопати се случува да возрасните личности бараат во своите љубовни врски задоволување на овие потреби, токму поради тоа што тие во најраното детство не биле задоволени. Тоа не значи дека една возрасна личност која до својата прва година формирала сигурен стил на емоционална поврзаност со својата „атачмент" фигура нема да има потреба и желба да чувствува сигурност во својата

[81] Krstic, B. (1974). Pravno-psihijatriski aspekt licnosti, Nis, стр. 225

партнерска врска. Секој човек ја има таа потребата од љубов, без разлика на својот „атачмент“ стил. Но она што се разликува кај луѓето е степенот до кој оди таа потреба, дали таа потреба создава анксиозни чувства кај човекот и му носи несигурности, доколку има анксиозен стил на емоционална приврзаност, или пак таа потреба создава тешкотии за емотивна приврзаност со партнерот и неможност за емоционална близина, доколку личноста има одбегнувачки атачмент стил.

**1. Партнерски односи и тимска работа**

Светски познатиот брачен советник, д-р Гери Чепмен во својата книга „Петте јазици на љубовта“ вели: „Психолозите заклучиле дека примарна човекова емоционална потреба е потребата да се чувствува сакан. За љубов ќе искачиме планини, ќе препливаме мориња, ќе совладаме пустински песоци и ќе издржиме невидени маки. Без љубов, ни планини ќе искачиме, ни мориња ќе препливаме, ни пустини ќе совладаме, ни тешкотии ќе издржиме“.[82] Друг автор кој пишува за љубовта и романтичните врски е Дон Мигел Руиз, кој вели: „Ако играте тенис, и тоа во двојка, вие претставувате тим и никогаш не играте еден против друг – никогаш. Дури и ако двајцата играте различно, имате иста цел: заедно да играте. Ако имате партнер што сака да ја контролира вашата игра, ако не се однесувате како тим, секогаш ќе влегувате во конфликти. Ако пак својата љубовна врска и својот однос го гледате како тим, сè ќе биде подобро“.[83] Во зборовите на овие автори можеме да видиме една потенцијална дефиниција на романтичната врска.

Во согласност со напишаното од овие автори се и мислењата и на испитаниците од анкетата „Квалитет на партнерски врски“ во однос на тоа што една врска претставува и што всушност е успешна партнерска врска. На прашањето: „Што, според вас, претставува успешна партнерска врска?“ – еве што одговорија испитаниците: (Ова е само дел од одговорите.)

- *„За успешна партнерска врска ја сметам онаа која се заснова на пријателство, доверба, комуникација (и подобрување на неа секогаш кога е потребно) и искреност. Би додала дека успешната партнерска врска вклучува чекорење во ист правец, исти или слични морални вредности и вложување труд кон остварување на иста, ЗАЕДНИЧКА цел.“*
- *„Успешна партнерска врска е онаа во која партнерите не се себецентрични, не се фокусирани само на своето добро, пожртвувани се, не се држат за зло, внимателни се, трпеливи се, си служат еден на друг, спремни се да работат на тоа да се подобруваат и да го поттикнуваат партнерот да се движи кон желбите и целите и да му бидат несебична поддршка.“*
- *„Комуникација, почит, поддршка, доверба и искреност се клучот на успешна партнерска врска.“*
- *„Меѓусебно почитување, разбирање, доверба, љубов, страст, поддршка, комуникација.“*
- *„Врска во која двајцата партнери постојано се движат еден кон друг се со цел да има хармонична врска полна со љубов и разбирање.“*
- *„Правилна и отворена комуникација, без лаги и тајни. Врска во која има доверба, почит и разбирање меѓу партнерите, како и компромис во однос на мали одлуки.“*
- *„Врска во која има љубов, мир, слога, добра комуникација.“*
- *„Поддршка, лојалност, меѓусебно разбирање, искажување љубов и градење заедничка успешна иднина.“*
- *„Врската која ги прави двајцата партнери среќни и е причина за нивен напредок.“*

[82] Чепмен, Г. (2017). Петте јазици на љубовта: како да му ја искажете својата искрена посветеност на партнерот, Скопје, стр. 16
[83] Руис, Д. М. (2005). Моќта на љубовта, Скопје, стр. 56

Како најбитни компоненти од одговорите на испитаниците може да се издвојат: доверба, почит, поддршка, искреност и разбирање. Може да се претпостави дека постоењето на сите овие фактори зависи од емоционалната интелигенција и зрелост на партнерите, како и степенот на емотивната поврзаност помеѓу двајца. Се препознава дека нездрави и незадоволувачки бракови можат да бидат деструктивни и стресни, а наспроти тоа браковите кои се здрави можат да резултираат со многубројни придобивки. Бенефитите кои произлегуваат од една здрава партнерска врска се: емоционални бенефити (подобро ментално здравје, помалку стрес, поголема продуктивност), физички бенефити (зајакнат имунолошки систем, поголема отпорност на заболувања), финансиски бенефити (поголеми заштеди, поголеми примања, поголем имот), кооперативни придобивки (поголема ефикасност во извршување на домашните задачи, соработка со партнерот, преземање одговорност, општествени и семејни придобивки).[84] Квалитетот на една врска е во тесна поврзаност со задоволството на партнерите од неа. На прашањето: „Од 1 до 10 колку сте задоволни од квалитетот на вашата партнерска врска?“ одговорите во анкетата гласеа: 10 – 18 одговори (27,7%), 9 – 15 одговори (23,1%), 8 – 15 одговори (23,1%), 7 – 2 одговора, 6 – 3 одговори, 5 – 3 одговори, 1 – 1 одговор. На прашањето: „Со кој збор најсоодветно би ја опишале вашата врска?“ – еве како изгледаа одговорите:




Од овие одговори може да се заклучи дека испитаниците покажуваат високи проценти на задоволство од своите партнерски врски. Претпоставка е дека задоволството е последица од високиот квалитет и исполнети потреби и очекувања помеѓу партнери, а тоа секако е посакуван позитивен момент во секоја врска.

## 2. Фактори за успешност на врска

Во една студија за феноменот на задоволство од бракот, „Задоволство и придонесувачки фактори за задоволство во долгорочен брак: феноменолошка студија“, направена преку полуструктуирани, снимени, разговорни и транскрибирани интервјуа во домовите на паровите (сите во брак повеќе од 40 години), одговорите на прашањето за тоа како бил задржан квалитетот на врската биле групирани во две групи. Тоа биле фактори сместени во групата „став“ и во групата „акција“. Сите одговори кои спаѓале во групата „став“ се однесувале на менталниот склоп на партнерите, додека пак „акција“ подразбирала активности кои партнери ги преземаат и степенот на нивниот труд. Како најчести резултати од делот за ставови на партнери биле да се има „став на посветеност“, „став на почит“ и „став на хумор“. Поттемите што произлегле пак од делот наречен „акција“ биле: „акт на комуникација“, „акт на компромис“ и „акт на поддршка“. „Чувството за безбедност“ било, исто така, тема која што се појавувала низ сите разговори со учесниците, што покажало дека и тоа е фактор кој влијае врз степенот на задоволство во еден

[84] Nimtz, M. A. (2011). Satisfaction and contributing factors in satisfying long-term marriage: a phenomenological study, Liberty University Doctoral Student, стр.31,32, 39, 40

партнерски однос. Кога се набројуваат фактори кои имаат улога во квалитетот на една партнерска врска може да се набројат: посветеност, пријателски настроен однос, решавање на конфликт, ефективна комуникација, лични карактеристики, генерални фактори.[4]

Во анкетата ,,Квалитет на партнерски односи", на прашањето: „Кои фактори сметате дека имаат влијание врз успешност на врска?" – одговорите кои беа дадени од страна на анкетираните личности гласеа: (Ова е само дел од одговорите.)

- *„Доверба, сличност во интереси, страст."*
- *„Компатибилност помеѓу партнери."*
- *„Разбирање, социјален/интелектуален/финансиски статус и на двата партнера, почитување, љубов."*
- *„Посветеност од двајцата партнери, верба, емоционална зрелост, истрајност и адаптибилност на социоекономските промени и притисоци."*
- *„Искреност, доверба, исти интереси и по можност ист степен на образование."*
- *„Доверба, почит, комуникација, искреност, љубов."*
- *„Слични интереси и исти вредности."*
- *„Ефективната комуникација – најважен елемент во една врска. Кога се има комуникација соодветна и правилна ќе се изнајде решение за проблемите и тешкотиите."*
- *„Воспитанието, детството, семејството, комуникација, разбирањето, почитта, секако и привлечноста, љубовта, страста."*
- *„Родителите, општеството и пред се напите карактери, свесноста, емпатијата."*
- *„Карактерни особини на партнерите, заедница и семејство во кое се израснати и нивните вредности."*
- *„Родители."*
- *„Многу фактори. Емоционална зрелост, комуникациски вештини, воспитание, резилиентност на трауми."*
- *„Искреност, пари, добри семејни односи и добра комуникација."*

Компатибилност (интелектуална, социјална, емоционална), комуникација, финансии, интимност / сексуално задоволство / страст, искреност, среќно детство, надворешна валидација (потврда и прифаќање од родители, пријатели, роднини), возраст, интереси и религија се десетте фактори кои беа обработени преку прашањата во анкетата. Овие десет категории беа поделени во 3 групи и тоа:

1. Интерперсонални фактори што влијаат на квалитет на партнерски односи: возраст, интереси (хоби, занимање), религија;
2. Интерперсонални фактори што влијаат на квалитет на партнерски односи: компатибилност (интелектуална, социјална, емоционална); комуникациски способности (искреност, доверба), сексуални односи (страст; интимност; задоволство);
3. Надворешни фактори што влијаат на квалитет на партнерски односи: социјална поддршка (валидација, прифаќање и поддршка од родители, пријатели и роднини, општествени институции), економска состојба (финансии).

**3. Интерперсонални фактори**

**3.1. Возраст**

За квалитетот на еден партнерски однос важна е физичката матурација која е поврзана со возраста. Кога се вели физичка матурација, се мисли на доволна физичка созреаност на личноста, да може успешно да ги извршува семејните и брачните функции. Според важечкиот закон за семејството се вели дека лице кое не наполнило 18 години од животот не може да склучи брак.

Само во вонпарнична постапка надлежниот суд може да дозволи склучување на брак на лице кое наполнило 16 години од животот, ако притоа се утврди дека личноста достигнала телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите кои настануваат во бракот.[85] Значи несомнено возраста при стапување во брак е еден важен фактор за успешност, или неуспешност на бракот. Затоа не се препорачува да се стапува во брак мошне рано. Познато е дека процентот на нефункционални врски и разводи е најголем помеѓу младите брачни парови.[86] Дури и се смета дека оние кои стапиле во брак во периодот на адолесценција се повеќе подложни на развод од оние кои стапиле во брак после дваесет и петтата година.[87]

Во однос на важноста на иста или приближна возраст за успех на една врска, на анкетата беше поставено прашање – секој од испитаниците да означи до кој степен смета дека тоа е важен фактор. Од 72 одговора, 9 одговори гласеа: „Воопшто не е битен фактор", 21 одговор гласеше: „Многу е битен", 27 одговори беа: „Делумно е битен", 14 одговори: „Многу е важен" и еден одговор дека овој фактор е од исклучителна важност за подобар квалитет на партнерски однос. На прашањето: „Означете во која мера мислите дека фактор голема разлика во години негативно влијае и го намалува квалитетот на партнерскиот однос", одговорите беа: „Воопшто не влијае негативно", 12 одговора: „Малку влијае негативно", 19 одговори: „Делумно го намалува квалитетот на односот", 23 одговори: „Многу го намалува квалитетот на односот", 15 одговори: „Целосно го уништува квалитетот на односот". Може да се забележи дека повеќе од половина испитаници одговориле дека возраста е важна за врската и генерално постои мислење дека годините не треба да се занемарат и дека приближната или иста возраст е добар предуслов за висок квалитет на врска. Ако ги земеме предвид потврдните одговори од анкетава дека приближна возраст е посакувана, може да видиме дека и мажите и жените претпочитаат некого на нивна возраст, но сепак како што вели едно истражување, и мажите и жените се отворени за некој 10-15 години помлад или постар од нив.[88]

### 3.2. Интереси

Кога романтичните партнери имаат заедничко хоби или слични интереси, тоа може да влијае позитивно на степенот на задоволството од нивната врска. Рејчел Пејс, блогерка на веб-страната „marriage.com", во делот за љубовни совети пишува за важноста на сличните интереси во една врска. Таа вели дека постојат голем број предности кога двајца имаат заеднички интереси, и набројува различни позитивни аспекти. Таа вели дека со имање заеднички интереси, човекот има прилика повеќе да научи за партнерот, се создава систем на поддршка, има повеќе разбирање, има повеќе заедничко поминато време, се учи тимска работа.[89]

Во анкетата „Квалитет на партнерски односи" беше поставено прашањето: „Означете колку е битен факторот исти или слични интереси за добар квалитет на партнерски однос". Одговорите гласеа: „Воопшто не е битен" - 3 одговори; „Малку е битен" - 12 одговора; „Делумно е битен" - 19 одговори; „Многу е битен" - 25 одговори и „Е од исклучителна е важност" - 13 одговори. Додека пак, на прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот различни интереси влијае негативно и го намалува квалитетот на партнерскиот однос", одговорите беа: „Воопшто не влијае негативно" - 9 одговори; „Многу влијае негативно" - 19 одговори; „Делумно го намалува квалитетот на односот" - 15 одговори; „Многу го намалува квалитетот на односот" - 21 одговор и „Целосно го уништува квалитетот на односот" - 11 одговори. Од овие одговори можеме да заклучиме дека скоро сите 72 испитаници сметаат дека истите интереси се битен

[85] Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година
[86] Ѓорѓевска-Лакинска, Д. (1987).Семејството и воспитанието, НИО „Студентски збор„ - Скопје
[87] Whitehead,B. D. (2005). Patterns and predictors of success and failure in marriage, The National Marriage Project A Colloquium of Social Scientists and Theologians
[88] Kenrick, D. T., Keefe, R. C. (2011). Age preferences in mates reflect sex differences in human reproductive strategies, Cambridge University Press
[89] Pace, R. (2021, March 12). How Important Are Common Interests in a Relationship? Преземено од https://www.marriage.com/advice/relationship/common-interests-in-a-relationship/

фактор за една врска, а во согласност на тоа е и истражувањето објавено во Журналот за брак и семејство, коешто покажало дека паровите кои поминуваат време заедно и имаат заеднички активности или некое хоби, доживуваат помалку стрес и поголема среќа во нивните животи.[90]

### 3.3. Религија

Религиска компатибилност е фактор кој може во огромна мера да влијае на квалитетот на еден партнерски однос и да придонесе за чувство на близина и разбирање помеѓу двајца. Имајќи предвид дека квалитетот на бракот зависи од религиозната хомогамија[91], логично е да претпоставиме дека оние парови кои се религиозно хомогамни имаат постабилни врски од оние парови кои не се религиски хомогамни. Религиозната хомогамија може да го зајакне и да го одржи чувството на брачна доверба и споделување на заеднички вредности. Литературата за религијата и бракот укажува на тоа дека религиозната хомогамија е поврзана со пониски проценти на семејно насилство.

Одговорите од анкетата на прашањето колку иста религија е важен фактор за квалитетна врска, беа: „Воопшто не е битен фактор“ – 17 одговори; „Малку е битен фактор“ – 19 одговори; „Делумно е битен“ –13 одговори; „Многу е битен“ – 8 одговори и „Од исклучителна е важност“ – 15 одговори. Додека пак на преформулираното прашање и ставено во негативен контекст: „Означете во која мера сметате дека факторот различна религиска припадност негативно влијае и го намалува квалитетот на партнерскиот однос“, одговорите беа следни: „Воопшто не влијае негативно“ – 15 одговори; „Малку влијае негативно“ – 16 одговори, „Делумно го намалува квалитетот на односот“ – 19; „Многу го намалува квалитетот на односот“ – 10 и „Целосно го уништува квалитетот на односот,“ – 12 одговора. Овие одговори покажуваат различни ставови на луѓето за важноста на религиската припадност на партнерот. Постои поделеност во одговорите, не превладува еден став за да може да се каже дека религиска хомогамија е еден од круцијалните фактори за квалитетна врска.

## 4. Интерперсонални фактори

### 4.1. Компатибилност

Кога ќе кажеме дека две нешта се компатибилни, најчесто мислиме на тоа дека добро одат заедно, си одговараат. Романтичните партнери треба да бидат компатибилни барем во некои аспекти, а тоа може да биде во однос на вредносниот систем, интелектуалниот, емоционалниот, духовниот, физичкиот развој кај една личност, социјалниот статус. Теориите за компатибилност при изборот на партнер сугерираат дека индивидуите кои биле добро усогласени во однос на клучните карактеристики, најчесто се венчаваат, затоа што таквото совпаѓање ја зголемува веројатноста дека тие ќе можат да воспостават пријатни и заемно задоволувачки партнерства.[92]

#### 4.1.1. Интелектуална компатибилност

Интелектуалната компатибилност ги зголемува можностите партнерите да се разбираат, да споделуваат идеи, перспективи и таа размена да оди во две, а не само во една насока. Тоа не значи дека двајца мораат да имаат ист коефициент на интелигенција, туку едноставно да имаат чувство дека се совпаѓаат по степенот на интелектуален развој. Претпоставка е дека пар со поголема разлика во степен на образование ке има поголем дисбаланс и повеќе дисхармонија

---

[90] Grover, S., Helliwell, J.F. (2019). How’s Life at Home? New Evidence on Marriage and the Set Point for Happiness, J Happiness Stud

[91] Lehrer, E.,Chiswick, C. (1993). Religion as a determinant of marital stability, Demography

[92] Houts, R. M., Robins, E., & Huston, T. L. (1996). Compatibility and the Development of Premarital Relationships. Journal of Marriage and Family, 58(1), 7–20.

отколку пар кој има ист степен на образование, како еден од многуте показатели на интелектуалноста.

На прашање за интелектуална компатибилност како фактор кој влијае на квалитет на партнерски односи, еве што одговорија испитаниците: 6 испитаници сметаат дека е "малку битен фактор", 23 сметаат дека е "делумно битен", 26 сметаат дека е "многу битен" и 7 сметаат дека е "од исклучителна важност". На следното пак прашање за тоа во колкав степен сметаат дека интелектуалната некомпатибилност кај двајца партнери негативно влијае и го намалува квалитетот на партнерскиот однос, испитаниците се изјаснија: "воопшто не влијае негативно" – 3 одговори, "малку влијае негативно" – 15 одговори, "делумно го намалува квалитетот на одгосот" – 30 одговори, "многу го намалува квалитетот на односот" – 11 одговори и "целосно го уништува квалитетот на односот" – 13 одговори.

#### 4.1.2. Емоционална компатибилност

Постојат одредени показатели дека една личност е емоционално созреана. Доказите за емоционална зрелост се способноста на човекот да се соочи со реалноста на животот, објективноста и ослободеноста од суеверија и предрасуди.[93] „Еден од најчесто споменуваните типови на зрелост, но најмалку разбран е оној на емоционална зрелост. Овој концепт се појавува и често се нарекува најзначајниот психолошки индекс за нечија способност за брак" – вели Ландис во својата книга „Искористување на максимумот од бракот".[94] Она што се подразбира под емоционална матурација на една личност е: познавање на себеси, способност за давање и примање, самосвест за своите квалитети, способност за прилагодување, флексибилност, соработка, свртеност кон надворешниот свет и запазување на потребите на другите луѓе, а не само на своите.

Во анкетата „Квалитет на партнерски односи" беше поставено прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот емоционална поврзаност е битен за добар квалитет на партнерски односи". Резултатите од одговорите се доста интересни за разгледување, бидејќи покажуваат јасно кои се ставовите на луѓето за важноста на овој фактор. Имено, 35 одговори гласат: „Од исклучителна е важност" – 30 одговори; „Многу е битен фактор" – 4 одговори; „Делумно е битен" – 2 одговора; „Малку е битен" и 1 одговор „Воопшто не е битен фактор". Она што може да се забележи е дека превладуваат мислења дека овој фактор е од исклучителна важност, што ни покажува на значењето кое човекот му го придава на емотивното заедништво со друга личност. А во однос на тоа кога не постои силна емотивна поврзаност помеѓу двајца партнери, на прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот емотивна оддалеченост влијае негативно и го намалува квалитетот на партнерски однос" – одговорите беа во согласност со претходното прашање, односно одговорите гласеа: „Целосно го уништува квалитетот на односот" – 35 одговори; „Многу го намалува квалитетот на односот" – 28 одговори; „Делумно го намалува квалитетот на односот" – 5 одговори и „Малку влијае негативно" – 4 одговори. „Воопшто не влијае негативно" немаше ниеден одговор, што ни покажува дека сепак (дали повеќе или помалку) емотивната оддалеченост помеѓу партнери негативно влијае врз самиот однос и начинот на кој се одвиваат случувањата во една врска.

#### 4.1.3. Социјална компатибилност

Социјалната компатибилност може да значи дека двајцата се од ист социјален статус, имаат исти или слични положби во општеството како граѓани, се вклопуваат по своите културни вредности. Компатибилноста во врската зазема и форма на прифаќање на партнерот и разбирање на животната филозофија, целите и вредностите кои ги има партнерот. Да се биде социјално на

[93] Jordan, P. H., Elwyn, F. (1939). Emotional Maturity,The Clearing House, стр. 372
[94] Landis, P. H. (1955). Making the Most of Marriage, New York: Appleto-Century-Crofts, стр. 197

исто ниво би значело да се биде на ист ранг во општествената хиерархија на улоги, поточно да се има приближна позиција во општеството и да се ужива сличен степен на почит.

Одговорите на прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот ист или сличен социјален статус е битен за добар квалитет на партнерски однос" – покажаа дека постои мала поделеност во ставовите на луѓето, односно 13 одговори гласеа „Воопшто не е битен" и 18 „Малку е битен", а останати беа: „Делумно е битен" – 26; „Многу е битен" – 12; „Од исклучителна е важност" – 3 одговори. На прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот различен социјален статус негативно влијае и го намалува квалитетот на партнерскиот однос – одговорите беа: „Воопшто не влијае негативно" – 10 одговори, „Малку влијае негативно" – 22 одговори, „Делумно го намалува квалитетот на односот" – 30 одговори, „Многу го намалува квалитетот на односот" – 7 одговори и „Целосно го уништува квалитетот на односот" – 3 одговори.

**4.2. Комуникација**

Комуникација е случување во две насоки и вклучува настојување да се разберат мисли и чувства кои ги изразува личноста која говори и одговара на нив на делотворен начин.[95] Психолозите велат дека самиот човек е одговорен за своите меѓуперсонални односи и за тоа како да излезе на крај со другите луѓе.[96] Честопати на човек му се случува да заборави колку е важна комуникацијата во секојдневниот живот. А бидејќи сме социјални битија, кои се предодредени да живеат во заедништво и во соработка со други луѓе, од исклучителна важност е да го знаеме значењето на комуникацијата и да ги спознаеме своите сегашни и идни потенцијални вештини во таа област, па доколку ни треба подобрување во некој аспект на тоа да се посветиме, бидејќи квалитетот на нашата комуникација во секој миг зависи од нашиот избор.

Резултатите од анкетата покажаа дека луѓето придаваат најголема важност на комуникацијата во една врска за разлика од останатите фактори вклучени во анкетните прашања. 53 испитаници сметаат дека добра комуникација е фактор од исклучителна важност, 15 сметаат дека ова е многу битен фактор и по 1 испитаник смета дека овој фактор е делумно битен, малку битен и воопшто не е битен. Овие одговори ни покажуваат едногласност на испитаниците за важноста на добрата комуникација и исклучително позитивен момент е дека постои развиена свесност за влијанието на добра комуникација.

**4.3. Искреност**

Искреноста во меѓуперсоналните врски игра голема улога за квалитетот на односот. Понекогаш, искреноста доведува до конфликтни ситуации, но тоа во никој случај не е причина да не се биде искрен. Честопати некој од партнерите ќе каже како не е искрен за да избегне конфликт, но тоа не води до квалитетен однос. Ако ја земеме предвид препораката на Џон Готман која гласи: „Најважниот совет што можам да им го дадам на луѓето кои сакаат нивните бракови да успеат е да не се обидуваат да избегнуваат конфликт"[97], може да видиме дека конфликтот има огромен потенцијал кој може да се искористи за подобрување на односот.

Во анкетата: „Квалитет на партнерски односи", на прашањето: „Кои квалитети/особини ги барате кај партнерот?" – во секој втор одговор е вклучена искреноста, од што може да заклучиме дека тоа е ценета вредност и карактеристика која се бара и очекува од партнерот. Во однос на важноста која испитаниците ја придаваат на факторот искреност во креирање на квалитетна партнерска врска, одговорите покажуваат очигледна доминација на ставовите дека тоа е од исклучителна важност – 53 одговора од вкупно 72. Дека овој фактор е многу битен се согласуваат 14 личности, а останатите испитаници гласале дека воопшто не е битен (3 одговора); и малку е битен (2 одговора). Доколку не постои искреност во една врска, тогаш тоа најчесто влијае негативно врз квалитетот на односот, се појавуваат конфликти, недоразбирања,

[95] Richman, N. (1993).Komunikacije s djecom<Kako pomoci djetetu kada je u nevolji, Zagreb
[96] Rejnvoter, Dz. (1987). Buditesebipsihoterapeut, Beograd, стр. 48
[97] Gottman, J. and Silver, N., (1994). Why marriages succeed or fail, New York: Simon &Schuster,стр. 154

несогласувања. Дури 54 испитаници од вкупно 72 сметаат дека лажењето целосно го уништува квалитетот на партнерски однос, 14 личности сметаат дека многу го намалува квалитетот на односот и тројца сметаат дека делумно го намалува квалитетот на односот. Отсуството на одговори дека лажењето воопшто не влијае негативно ни покажува дека тоа е целосно непосакуван фактор за една врска, дека секој смета дека лажењето е деструктивно и негативно влијае.

**4.4. Доверба**

Во комбинација со искреноста оди и довербата, тие се надополнуваат на начин што ако бидеме искрени, ќе создадеме доверба кај партнерот, ако не бидеме искрени, ќе ја срушиме довербата. Искреноста ја гради довербата и ја зацврстува ако постои. Кога во некого имаме доверба, можеме да бидеме искрени, чувствуваме слобода да кажеме што било, да споделиме чувства и размислувања.

И за довербата, исто како и за искреноста, испитаниците кои одговорија на анкетата: „Квалитет на партнерски односи" имаат ставови дека таа игра огромна улога помеѓу двајца. Имено, од вкупно 72 одговора, 59 гласат: „Довербата е од исклучителна важност", потоа 9 одговори гласат дека довербата е многу битен фактор, 2 одговора дека е делумно битен, 1 одговор дека е малку битен фактор и 1 одговор дека воопшто не е битен фактор. Наспроти довербата е недовербата, за која постои мнозинско мислење дека целосно го уништува квалитетот на односот, – 51 одговор и дека многу го намалува квалитетот на односот – 18 одговори. Тука се и оние 3 одговори кои гласат: „Делумно го намалува квалитетот на партнерски однос", но и тие се вклопуваат во поентата дека постоење на недоверба помеѓу партнери негативно влијае на самиот однос. Како резултат на недоверба помеѓу партнери, честопати се јавува љубомората, која може да има различни форми и степени, но во секој случај со себе носи негативни емоционални искуства за двете страни. Испитаниците и на оваа тема се согласуваат, односно сметаат дека љубомората е фактор кој има негативно влијание врз една врска. Одговорите беа: „Целосно го уништува квалитетот на односот" – 30 одговори; „Многу го намалува квалитетот на односот" – 27 одговори; „Делумно го намалува квалитетот на односот" – 13 одговори.

**4.5. Интимност, страст, сексуално задоволство**

Интимност, страст и сексуално задоволство, три компоненти кои најчесто се интензивно застапени на почеток на една врска, а подоцна незабележително исчезнуваат. Трите најважни влијанија за романтичната страст – фантазирање, новост и возбуда – се губат со текот на годините, романтичната љубов, исто така, се намалува.[98] Колку всушност е битно постоењето на овие елементи во еден партнерски однос и колкаво влијание има нивното отсуство?

Ако ги погледнеме одговорите на испитаниците од анкетата: „Квалитет на партнерски односи" ќе ги видиме следните одговори: „Од исклучителна е важност" – 24 одговори, „Многу е битен фактор" – 29 одговори, „Делумно е битен фактор" – 13 одговори и „Малку е битен" – 6 одговори. Нема ниту еден одговор – воопшто не е битен фактор. Значи, испитаниците сметаат дека сексуално задоволство и страст се важни за една врска. На прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот сексуално незадоволство негативно влијае и го намалува квалитетот на партнерски однос" – испитаниците одговорија: „Целосно го уништува квалитетот на односот" – 16 одговори, „Многу го намалува квалитетот на односот" – 23 одговори, „Делумно го намалува квалитетот на односот" – 21 одговор и „Малку влијае негативно" – 12 одговори. Нема ниту еден одговор дека воопшто не влијае негативно, што покажува дека генерално постои став дека сексуално задоволство е важно за една романтична врска. Како што вели Гари Чепмен, светски познат брачен советник: „Во суштината на човечкото постоење е желбата да се биде интимен и љубен од некој друг. Бракот е предвиден да ја задоволи таа потреба за интимност и љубов"[99]. Доживувањето на двострана интимност со партнерот е идентификувано како фактор кој им

[98] Walster, E. H., Walster, G. W. (1978). Equity: Theory and Research, Allyn and Bacon

[99] Чепмен, Г. (2017). Петте јазици на љубовта: како да му ја искажете својата искрена посветеност на партнерот, Скопје, стр. 18

помага на поединците да го одржат своето физичко и ментално здравје. Но, со оглед на нејзината важност за човековата благосостојба, интимноста е релативно недоволно проучена. Во споредба со оние парови кои се во врски исполнети со интимност, оние кои се сами или разведени доживеале поголема ранливост на физиолошки нарушувања поврзани со стрес и депресија и други емоционални болести, што е јасен показател на важноста на интимноста во една романтична врска.[100]

## 5. Надворешни фактори

### 5.1. Социјална поддршка

Живеењето во општествена заедница подразбира постоење на меѓусебно помагање меѓу групи луѓе и институции. Општеството конципира и реализира акции од краткорочен и долгорочен карактер, со кои мотивира или спречува некои процеси поврзани со семејството. Цели потсистеми на социјалната политика во една земја се однесуваат на семејството (здравствена заштита, осигурување, социјални давања, сместување, права на децата).[101] Поддршка може да биде и брачно или предбрачно советување. И родителите, пријателите, роднините можат да дадат поддршка. Поддршка од блиските е потребна и во кризи, кога ресурсите на еден пар се трошат и добредојдена е помош во секаква форма, емотивна, финансиска, материјална, морална. Прашањето е колкава улога има поддршката која доаѓа од семејствата на партнерите и од нивните пријатели, дали е од пресудна важност или пак може да се функционира и без таа компонента.

На прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот надворешна валидација (од родители, роднини, пријатели) е битен за добар квалитет на партнерски однос", одговорите гласеа: „Воопшто не е битен" – 12 одговора; „Малку е битен" – 22 одговора; „Делумно е битен" – 23 одговора; „Многу е битен" – 8 одговора и „ Е од исклучителна важност" – 6 одговора. Одобрување од страна на родителите е поврзано со успешност на бракот затоа што е знак на поддршка, а неодобрувањето од страна на родителите може да произведе проблеми кои ќе создадат тешкотии за парот.

### 5.2. Економска состојба

Општо познато е дека брачната заедница и ден денеска има економски аспект на кој влијаат фактори како личните доходи на партнерите, приходите од наемнини, капитални добивки, договори за дело, приходи од авторски права, приходи од трговија со хартии од вредност, приходи од семеен бизнис итн. Добро е познато дека парите се една од најчестите теми за кои паровите се расправаат. Студија од 2019 година од Универзитетот во Тенеси, Ноксвил, објавила резултати од своето истражување, кои велат дека без оглед на нивото на среќа во врската, парите се тема за која паровите постојано не се согласуваат.[102] Често пати финансиите се изворот на стрес кај партнерите и создаваат проблеми во односот. Се вели и дека финансиите се една од главните причини за проблеми во бракот, караници, а некогаш дури и разводи.[103] (Пејковски, 2020:58)

Во анкетата, на прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот стабилни финансии е битен за добар квалитет на партнерски однос", испитаниците одговорија со: „Е од исклучителна важност" – 3 одговори; „Многу е битен" – 20 одговори; „Делумно е битен" – 27

---

[100] Moss, B. F.,Schwebel, A. I. (1993). Defining Intimacy in Romantic Relationships,National Council on Family Relations,стр.36

[101] Радуловиќ, М. (2018). Современи предизвици на семејствата во Европа, Скопје

[102] Rauer,A.,Sabey, A. K., Proulx,C. M.,Volling, B. L. (2019). **What are the Marital Problems of Happy Couples? A Multimethod, Two-Sample Investigation**, *Family Process*

[103] Пејковски, Ј. (2020) Управување со семејните ресурси и финансии, Скопје, стр. 58

одговори; „Малку е битен“ – 14 одговори и „Воопшто не е битен“ – 8 одговори. На прашањето: „Означете во која мера сметате дека факторот сиромаштија негативно влијае и го намалува квалитетот на партнерскиот однос“; одговорите беа: „Целосно го уништува квалитетот на односот“ – 3 одговори; „Многу го намалува квалитетот на односот“ – 12 одговори; „Делумно го намалува квалитетот на односот“ – 31 одговор; „Малку влијае негативно“ – 19 одговори и „Воопшто не влијае негативно“ – 7 одговори. Ова покажува дека на финансиите им се придава значење како на битен фактор, но не како на најбитен како што беше случај со комуникација, искреност и доверба.

**Заклучок**

Она што може да се изведе како заклучок од анкетата: „Квалитет на парнерски односи“ е дека најголемо значење се придава на комуникација, искреност и доверба, како фактори кои кога постојат го подобруваат квалитетот на партнерскиот однос, и обратно, кога не постојат во огромна мера го уништуваат квалитетот на односот. И покрај тоа што постојат многу други фактори кои беа набројани во одговорите на испитаниците (разговор, страст, љубов, посветеност, сличност во интереси, родители, финансии, адаптибилност, зрелост, верба, карактер, степен на образование, помагање, толеранција, почит, воспитување, стабилност, околина, пријатели, семејство, амбиции, погледи кон живот, начин на размислување, лојалност, внимателност, цели и др.) и други фактори кои беа обработени, сепак овие три фактори се издвојуваат како најценети, односно највреднувани од страна на испитаниците. Со овие резултати се потврдува главната хипотеза дека „Интерперсонални фактори се клучни за квалитетот на еден партнерски однос“, исто така и поединечните хипотези: „Ако има добра комуникација помеѓу партнерите, тогаш врската е поуспешна“ и „Искреноста влијае позитивно на квалитетот на партнерскиот однос“.

Да се одржува однос исполнет со добра комуникација, искреност, доверба, емоционална близина значи да се биде во квалитетна врска. Секој човек сака таква среќна партнерска врска, но за да се постигне тоа, потребно е да се работи на себе, поточно партнерите континуирано да се посветени и да вложуваат во учење на потребните вештини преку едукација, а денеска тоа е сосема лесно и возможно да се постигне во соработка со семеен едукатор. Може заеднички да се работи на унапредување на партнерскиот однос и на подобрување на квалитетот на него и да се постигне успех како резултат од комбинацијата на знаењето на семејнологот и примената на наученото од страна на партнерите. И да се запомни дека квалитетен, успешен и среќен партнерски однос е возможна реалност, која ја живеат само оние кои за неа се едуцирале, потрудиле и посветиле.

**Користена литература**

1. Ѓорѓевска-Лакинска, Д. (1987).Семејството и воспитанието, НИО „Студентски збор„ - Скопје
2. Пејковски, Ј. (2020) Управување со семејните ресурси и финансии, Скопје, стр. 58
3. Руис, Д. М. (2005). Моќта на љубовта, Скопје, стр. 56
4. Радуловиќ, М. (2018). Современи предизвици на семејствата во Европа, Скопје
5. Чепмен, Г. (2017). Петте јазици на љубовта: како да му ја искажете својата искрена посветеност на партнерот, Скопје, стр. 16; 18
6. Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година
7. Gottman, J. and Silver, N., (1994). Why marriages succeed or fail, New York: Simon &Schuster,стр. 154
8. Grover, S., Helliwell, J.F. (2019). How’s Life at Home? New Evidence on Marriage and the Set Point for Happiness, J Happiness Stud

9. Houts, R. M., Robins, E., & Huston, T. L. (1996). Compatibility and the Development of Premarital Relationships. Journal of Marriage and Family, 58(1), 7–20
10. Jordan, P. H., Elwyn, F. (1939). Emotional Maturity,The Clearing House, стр. 372
11. Krstic, B. (1974). Pravno-psihijatriski aspekt licnosti, Nis, стр. 225
12. Kenrick, D. T., Keefe, R. C. (2011). Age preferences in mates reflect sex differences in human reproductive strategies, Cambridge University Press
13. Lehrer, E.,Chiswick, C. (1993). Religion as a determinant of marital stability, Demography
14. Landis, P. H. (1955). Making the Most of Marriage, New York: Appleto-Century-Crofts, стр. 197
15. Moss, B. F.,Schwebel, A. I. (1993). Defining Intimacy in Romantic Relationships,National Council on Family Relations,стр.36
16. Nimtz, M. A. (2011). Satisfaction and contributing factors in satisfying long-term marriage: a phenomenological study, Liberty University Doctoral Student, стр.31,32, 39, 40
17. Pace, R. (2021, March 12). How Important Are Common Interests in a Relationship? Преземено од https://www.marriage.com/advice/relationship/common-interests-in-a-relationship/
18. Rejnvoter, Dz. (1987). Buditesebipsihoterapeut, Beograd, стр. 48
19. Richman, N. (1993).Komunikacije s djecom<Kako pomoci djetetu kada je u nevolji, Zagreb
20. Rauer,A.,Sabey, A. K., Proulx,C. M.,Volling, B. L. (2019). What are the Marital Problems of Happy Couples? A Multimethod, Two-Sample Investigation, Family Process
21. Whitehead,B. D. (2005). Patterns and predictors of success and failure in marriage, The National Marriage Project A Colloquium of Social Scientists and Theologians
22. Walster, E. H., Walster, G. W. (1978). Equity: Theory and Research, Allyn and Bacon